Бр: 10-28
Скопје: 25.02.2025

Врз основа на член 10 и член 15 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата постапувајќи по Известувањето за планирано доделување на помош и известувањето за дополнителни информации за формата за известување за регионална помош бр. 10-178 од 15.12.2023 година поднесено од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за доделување на планирана помош на Друштвото за производство и трговија ЕМАПТА ДООЕЛ Скопје, на седницата одржана на 25.02.2025 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на известувањето за планирано доделување на помош и известувањето за дополнителни информации за формата за известување за регионална помош бр. 10-178 од 15.12.2023, поднесено во име на Владата на Република Северна Македонија како давател на државната помош, од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни, за доделување на планирана помош на ЕМАПТА Македонија ДООЕЛ Скопје за создавање нови работни места за дејноста на советување во врска со работењето и останато управување (регрутирање, вработување и администрирање на кадри за потребите на своите клиенти), **не е дозволено** заради фактот што инвестицискиот проект не претставува продуктивна почетна инвестиција согласно член 3 став 1) точка (1) од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош, Комисијата за заштита на конкуренцијата е надлежна за оцена и надзор на секој облик на поддршка, односно дали истата претставува или не претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.

Секој давател на државната помош (дефиниран во член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош) е должен, според член 13 став (1) од Законот за контрола на

државната помош, до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Постапувајќи во согласност со обврската за известување, во име на Владата на Република Северна Македонија како давател на државна помош, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони до Комисијата за заштита на конкуренцијата достави известување за планирано доделување на помош како и известување за дополнителни информации за формата за известување за регионална помош бр. 10-178 од 15.12.2023 година (во понатамошен текст: известувања), Предлог Договорот за доделување на државна помош, Одлука на Управниот одбор на ДТИРЗ бр. 02-1565/12 од 17.11.2023 година за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за услуги ЕМАПТА ДООЕЛ Скопје, Писмо за намери и Деловниот план и ревидираниот деловен план за инвестицискиот проект на Друштвото за услуги ЕМАПТА ДООЕЛ Скопје.

Во врска со доставените известувања за планирано доделување помош на Друштвото за услуги ЕМАПТА ДООЕЛ Скопје, Комисијата за заштита на конкуренцијата имаше потреба за дополнителни податоци и информаци. Со дописот бр. 10-12 од 08.02.2024 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата бараше дополнителни податоци во врска со тоа дали планираниот инвестициски проект на инвестирање во советување во врска со работењето и останато управување во ТИРЗ Скопје 1 кое ќе биде распределено низ неколку индустриски вертикали, вклучително и ИТ индустрија, развој на софтвер, продажба и маркетинг финансии и право на Друштвото за услуги ЕМАПТА ДООЕЛ Скопје во ТИРЗ Скопје 1 ќе претставува целосна нова инвестиција, со оглед на фактот дека истата веќе една година работи надвор од ТИРЗ ; како и дали 30-те вработени кои веќе се вработени во Друштвото за услуги ЕМАПТА ДООЕЛ Скопје ќе се префрлат во ТИРЗ 1 и ќе ја користат мерката за креирање на нови работни места согласно Предлог Договорот за доделување на државна помош. Со допис бр. 13-105/3 од 27.02.2024 година (Наш бр. 10-12 од 28.02.2024 година), ДТИРЗ одговори на барањето на дополнителни информации на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 10-12 од 08.02.2024 година.

Комисијата за заштита на конкуренцијата исто така со допис бр. 10-12 од 23.07.2024 година побара дополнителни информации во врска со член 11 – а од Законот за технолошки индустриски развојни зони во кој е наведено дека дејности од обласа на информатичката и комуникациска технологија можат да се вршат под услов вршителот на дејноста да не ја пренесува дејноста од друго подрачје на Република Македонија во зоната, а сето ова поврзано со писмото за намери на Друштвото за услуги ЕМАПТА ДООЕЛ Скопје во која е наведено дека дел од инвестицијата ќе биде наменета за ИТ индустријата, развој на софтвер и тн, како и тоа дека компанијата ЕМАПТА ДООЕЛ Скопје функционира на времена локација и својата дејност сака да ја пренесе во Скопје ТИРЗ 1. Со допис бр. 13-990/4 од 05.09.2024 година (Наш бр. 10-12 од 12.09.2024 година), ДТИРЗ одговори на барањето на дополнителни информации на КЗК бр. 10-12 од 23.07.2024 година.

Земајќи го предвид карактерот на инвестицискиот проект и дејноста на компанијата која ќе се реализира со тој инвестициски проект, согласно член 15 став (4) од Законот за контрола на државната помош Комисијата за заштита на конкуренцијата со Заклучок бр.

10-28 од 30.01.2025 година поведе постапка за оценување на дозволеноста на доделувањето на државната помош на Друштвото за услуги ЕМАПТА ДООЕЛ Скопје. Имено со донесениот Заклучок за Комисијата за заштита на конкурнцијата постојат сериозни сомневања за дозволеноста за доделување на државната помош заради дилемата дека инвестицискиот проект претставува продуктивна почетна инвестиција согласно член 3 став (1) точка 1) од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 109/13) ; опфаќањето под категорија вработени и на лицата кои веќе се во работен однос пред датумот на почеток односно постоечките вработените лица кои се вработени во друштвото за услуги ЕМАПТА ДООЕЛ Скопје ќе се префрлат во ТИРЗ Скопје 1 и ќе ја користат мерката за креирање на нови работни места, согласно Предлог договорот за доделување на државна помош ; нејасност во Предлог договорот дека новите работни места значат вработување на лица државјани на Република Северна Македонија.

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони со допис бр. 13-339/2 од 17.02.2025 година достави одговор по однос на донесениот Заклучок бр. 10-28 од 30.01.2025 година на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошен текст:КЗК) ги испита доставените известувања и Предлог Договорот за доделување на државна помош и ја утврди следната фактичка состојба:

- **Даvател на државна помош е:** Владата на Република Македонија застапувана и претставувана од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони

- **Корисник на државната помош е:** Друштво за услуги ЕМАПТА ДООЕЛ Скопје со регистрано седиште на Бул. Партизански одреди бр. 14 Скопје, Република Северна Македонија, со единствен даночен бр. (ЕДБ) 4080022609015, застапувано од управителот Тимоти Џејмс Ворбах од Сингапур, ул.Кнолс Капела Резиденс бр. 1-7302

Предмет на Договорот е доделување на државна помош на ЕМАПТА ДООЕЛ Скопје за реализација на инвестицискиот проект во зоната.

Државната помош како индивудуална помош е за создавање на нови работни места за вработените на полно работно време до датум на завршување со основна месечна нето плата која е најмалку 50% повисока од просечната нето плата на ниво на државата утврдена од Државниот завод за статистика на денот на потпишување на Договорот, при што се предвидува грант од 3.250 евра (три илјади двеста педесет евра) за еден вработен. Давателот на државната помош ќе започне со исплата на државната помош во моментот кога корисникот на помошта има вработено најмалку 100 вработени. Корисникот на помошта планира во 2027 и 2028 година да го реализира вкупниот износ на оправдани трошоци за плати од 33.000.000 евра (триесет и три милиони евра) и да креира 850 работни места на определено или неопределено време согласно договорот за вработување со полно работно време. Корисникот на помошта ќе финансира најмалку 25% од оправданите трошоци за плати за инвестицискиот проект од сопствени извори или од трета страна во форма која не претставува државна помош.

Во деловниот план компанијата има наведено дека ЕМАПТА Македонија не продава сопствени производи. Таа се занимава со професионални услуги, со кои им обезбедува квалитетни таленти на меѓународни клиенти за работа со информациски и професионални услуги.

КЗК при оценка на дозволеноста на доделувањето на помошта утврдува дали доделувањето на помошта се врши согласно Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија"бр.109/2013).

Земајќи го предвид карактерот на инвестицискиот проект и дејноста на компанијата која ќе се реализира со тој инвестициски проект, КЗК наведува дека планираната помош за реализација на инвестицискиот проект на ЕМАПТА ДООЕЛ Скопје не се дозволува заради фактот што инвестицискиот проект не претставува продуктивна почетна инвестиција согласно член 3 став 1) точка (1) од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 109/2013).

Заради горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 26 од Законот за контрола на државната помош. Тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Малинка Сиљановска- Николиќ**